# Продавач / Бариста во пекара

Со големо задоволство го најавуваме отворањето на нов, модерен Nordic Bakery & Deli концепт во East Gate Mall, Скопје.

## За улогата

Бараме пријателска и позитивна личност која сака работа со луѓе, за да се приклучи во нашиот нов тим во East Gate. Доколку уживате да работите во динамична средина и сакате да бидете дел од нов модерен и амбициозен пекарски концепт, ова е вистинската можност за вас.

Како Продавач / Бариста во нашата нова продавница/пекара, ќе бидете првиот впечаток за нашите муштерии. Ќе служите свежо печени дански пецива, вкусни сендичи и ароматично кафе, смудиња и џусеви, создавајќи пријатно и незаборавно искуство при секоја посета.

## Клучни одговорности

- Топло пречекување и професионална услуга на секој муштерија
- Продажба и препорака на нашите премиум дански пецива, сендвичи и пијалаци
- Подготовка и сервирање кафе и други напитоци со внимание на деталите
- Одржување на уреден, чист и визуелно привлечен продажен простор
- Прецизно ракување со готовина и POS трансакции
- Редовно дополнување на производите и следење на залихите
- Одржување на високи стандарди на хигиена и квалитет
- Активна поддршка при отворање и затворање на продавницата

## Работно време

- Утринска смена: 08:00 – 16:00
- Попладневна смена: 14:00 – 22:00

**Квалификации**

- Претходно искуство во малопродажба, угостителство или прехранбена индустрија се смета за предност
- Одлични комуникациски вештини и тимски дух
- Бариста искуство или интерес за подготовка на кафе е плус

**Што нудиме**

- Конкурентна плата според искуството
- Приватно здравствено осигурување
- Пријатна, поддржувачка и мотивирачка работна средина
- Можности за личен и професионален развој во растечки бренд
- Практично исксутво со премиум дански пецива и специјализирани производи